Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 11-409/1
Охрид, 6.6. 2022 год.

Врз основа на член 98 од Законот за високото образование, а во врска со Одлуката на Ректорската Управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, бр. 02-382/6 од 20.05.2022 година, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за аплицирање за изготвување на веб страна за**
**Туристичката асоцијација “Билјана” Охрид**

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид отпочна постапка за изготвување на веб страна за Туристичката асоцијација “Билјана” Охрид, од страна на студент на една од единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии “Св. Апостол Павле” Охрид, под менторство на назначен наставник.

Услови за избор на студент на Универзитетот за информатички науки и технологии “Св. Апостол Павле” Охрид за изработка на веб:

- да е редовен студент на една од единиците на Универзитетот
- да има познавања од областа
- да има желба и интерес за придонес кон локалната заедница

Сите студенти кои се заинтересирани за изготвување на веб страна за Туристичката асоцијација “Билјана можат да поднесат пријава **во рок од 5 (пет) дена** по денот на објавувањето на Јавниот повик на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии “Св. Апостол Павле” Охрид.
За изработката на веб страната не е предвиден финансиски надоместок но работата на студентот ќе биде соодветно засметана како активност на студентот во договор со назначениот наставник.

Документацијата се поднесува во оригинал или заверена копија, по пошта или со предавање во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на адреса: ул. Партизанска, бб, Дом на АРМ, Охрид, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот со назнака**: „За јавниот повик за аплицирање за изготвување на веб страна за Туристичката асоцијација “Билјана”.**

Лице за контакт: м-р Михаела Јовановска, тел. 076 434 170.

Изборот ќе се изврши во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.

**Универзитет за информатички науки и технологии**

**„Св. Апостол Павле“ Охрид**